Почитувани студенти,

Со цел спроведување на легитимни избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (ФСС) на ФЕИТ, потребно е да се свикаат собири по години на кои ќе се прави номинација на кандидати за членови на ФСС.

Врз основа на член 3 од одлуката за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје, кандидирањето на членовите на Факултетското студентско собрание ќе биде на собири на студентите по години, преку предефинирани Zoom сесии.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2021/2022 година и имаат запишан зимски семестар. Студент се смета дека е запишан во II година доколку има освоено 30 ЕКТС, во III година доколку има освоено најмалку 80 ЕКТС и во IV доколку има освоено најмалку 150 ЕКТС.

Собирите ќе се одржат во следните термини:

25.11.2020 година за *прва година* со почеток од *17:00 часот*

**Линк:** https://feit-ukim-edu-mk.zoom.us/j/91520643101

25.11.2020 година за *втора година* со почеток од *17:30 часот*

**Линк**: https://feit-ukim-edu-mk.zoom.us/j/97319946113

26.11.2020 година за *трета година*, со почеток од *17:00 часот*

**Линк:** https://feit-ukim-edu-mk.zoom.us/j/92633738083

26.11.2020 година за *четврта година*, *втор и трет циклус* со почеток од *17:30 часот*

**Линк:** https://feit-ukim-edu-mk.zoom.us/j/97641800665

Од Деканат на ФЕИТ